# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА

**Министерството за здравство** е водечка институција за 2017 година во праксата на **реактивно и проактивно необјавување на информации од јавен карактер.**

- **Министерството за здравство** во текот на изминатата година во однос на 2016 година бележи **намалување на нивото на реактивна транспарентност**, односно **намалување на просечната оценка за дури 67 %**. Додека, пак, нивото на проактивна транспарентност не бележи значајни промени, со други зборови, **Министерството за здравство останува во категоријата на проактивно нетранспарентна институција.**

- **Министерството за финансии** во 2017 година влегува во категоријата на **нетранспарентни институции** кога станува збор за реактивно споделување /обезбедување на информации од јавен карактер. А, пак, **од аспект на проактивната транспарентност**, кај оваа институција **не се бележат значајни промени во однос на 2016 година**, односно таа останува во категоријата на **делумно транспарентни институции.**

- **Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Скопје,** според наодите од спроведениот мониторинг во 2017 година, обезбедуваат повеќе информации во постапките за пристап до информации од јавен карактер, отколку што самоиницијативно објавуваат информации на своите интернет страници.

- **Институтот за јавно здравје** и **Центарот за јавно здравје Кочани** бележат **високо ниво на реактивна транспарентност**, но многу **ниско ниво** на **проактивна транспарентност.**

- **Комисијата за пристап до информации од јавен карактер** е единствена институција каде што **нивото на реактивна и проактивна транспарентност е изедначено** и влегува во **средното ниво на скалата на транспарентност.**

## СУМАРНА ОЦЕНКА НА РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ СЕДУМ ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ И ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР:

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈА | Оценка на нивото на реактивна транспарентност | Оценка на нивото на проактивна транспарентност |
|---|---|---|
| Министерство за здравство | ★ (red) | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (yellow) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (yellow) | ★ (red) |
| Министерство за финансии | ★ (red) | ★ (yellow) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (green) | ★ (red) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ (yellow) | ★ (yellow) |

**КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА**

**Овој документ го прикажува степенот на реактивна и проактивна транспарентност кај седум [1] институции од јавниот и од здравствениот сектор.**

Направената анализа има за цел да го прикаже нивото на отвореност на институциите за јавноста во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и во објавувањето на информации и документи за нивното буџетско и програмско работење.

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

★ **НЕТРАНСПАРЕНТЕН**
нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата.

★ **ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН**
делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 - 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 - 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата.

★ **ТРАНСПАРЕНТЕН**
транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 - 0,1 % нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесување на барањата.

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ**
институција што проактивно не објавува информации е онаа институција што има освоено под 6 поени или пак објавила помалку од 40 % од мониторираните документи.

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА САМО ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ**
делумно проактивна е онаа институција што има освоено помеѓу 7 и 12 поени или има објавено од 41 до 75 % од мониторираните документи.

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ**
институција што проактивно објавува документи и информации е онаа институција што има освоено помеѓу 12 и 16 поени и ги има објавено речиси сите мониторирани документи.

[1] Овие седум институции се опфатени и со двете анализи за нивото на реактивна и проактивна транспарентност за 2017 година, при што само кај овие седум институции постоеше можност за споредба според двата параметри.

Финансиски поддржано од:

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА